Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1], од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 248/18, 27/19) и член 43 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 248/18), а во врска со член 9 од Законот за пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19) како и член 39 став 1 алинеи 1 и 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како одговорно лице на ден 27.11.2019 година, ја донесе следната:

**ЛИСТА**
**на информации од јавен карактер**

1. Информациите кои ги создала и со кои располага Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно со нејзините надлежности, кои ќе бидат достапни до барателите на информации како информации од јавен карактер, се следните:

1.1. Информации кои произлегуваат од работата на Советот на Агенцијата:
- Деловник за работа на Агенцијата;
- општи акти за работа на Агенцијата;
- подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- заклучоци, одлуки и решенија од надлежност на Советот на Агенцијата;
- годишни планови за вршење програмски надзор;
- методологија за вршење програмски надзор;
- годишни програми за работа на Агенцијата;
- годишни извештаи за работа на Агенцијата;
- записници од одржани седници на Советот на Агенцијата;
- годишни финансиски планови на Агенцијата и завршни сметки;
- ревизорски извештаи;
- стратегии, анализи, информации, иницијативи, препораки, ставови;
- информации од работењето на работни тела на Советот на Агенцијата;
- изречени мерки против издавачи на медиуми, даватели на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или оператори на јавни електронски комуникациски мрежи кои вршат реемитување на програмски сервиси.

1.2. Информации кои произлегуваат од работата на Директорот на Агенцијата:
- квартални извештаи за спроведување на годишната програма за работа на Агенцијата и за превземените мерки согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиумите;
- потврди за регистрација на програмски сервиси на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи;
- информации во врска со организационата поставеност на Стручната служба на Агенцијата согласно Правилникот за внатрешна организација и работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со - Органограм на Агенцијата и Правилникот за систематизацијата на работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со - Табеларен преглед на работните места и звања;
- Годишен план за јавни набавки на Агенцијата и Распоред на постапки за јавни набавки кои се предвидени во годишниот план за јавни набавки.

---

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18)

1.3. Други информации кои ги создала и со кои располага Агенцијата согласно со нејзините надлежности, и тоа:

- информации за емитуваните програмски сервиси на радиодифузерите: трговските радиодифузни друштва, Јавното радиодифузно претпријатие "Македонска радио телевизија" и непрофитните радиодифузни установи;

- информации за радиодифузерите што емитуваат телевизиска програма: програмски концепт; спроведени надзори и изречени мерки, покренати прекршочни постапки, податоци за сопственичка структура, податоци за одговорен уредник/ци, податоци за финансиското работење согласно анализите на пазарот на Агенцијата, податоци за просечната гледаност во претходната година;

- информации за радиодифузерите што емитуваат радио програма: програмски концепт; спроведени надзори и изречени мерки, покренати прекршочни постапки, податоци за сопственичка структура податоци за одговорниот уредник/ци, податоци за финансиското работење согласно анализите на пазарот на Агенцијата, податоци за просечната гледаност во претходната година;

- информации за операторите на јавни електронски комуникациски мрежи (ОЈЕКМ): регистар на оператори кои реемитуваат програмски пакети, регистрирани пакети на ОЈЕКМ, регистар за застапници на програмски сервиси и филмски, спортски и други права; спроведени надзори, изречени мерки и покренати прекршочни постапки;

- информации за печатените медиуми: регистар на издавачи на печатени медиуми, спроведени надзори и изречени мерки на издавачи на печатени медиуми;

- целокупна документација за спроведените постапки за јавни набавки, предвидени во годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Заштитени од правото за слободен пристап до информациите се оние информации кои се наведени во член 6 став 1[2] од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19). Овие информации стануваат достапни, по престанувањето на причините за нивната недостапност.

По исклучок, ќе се одобри пристап до информација од ставот 1 на овој член, по задолжително спроведен тест на штетност со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.

3. Со влегувањето во сила на оваа Листа, престанува да важи Листата на информаци од јавен карактер на Агенцијата бр.12-3333/1 од 08.05.2015 година.

4. Оваа Листа на информации од јавен карактер на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, влегува во сила почнувајќи од 30 ноември 2019 година.

---

[2] Пристапот може да се одбие ако: 1. бараната информација претставува класифицирана информација со соодветен степен на класификација; 2. давањето на информацијата би значело повреда на заштитата на личните податоци; 3.со давањето на информацијата би се повредила доверливоста на даночната постапка; 4. информацијата е стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка и доколку со нејзиното давање би имало штетни последици за текот на постапката; 5. информацијата ги загрозува правата од индустриска или интелектуална сопственост (патент, модел, мостра, стоковен и услужен жиг, ознака на потеклото на производот).

5. Листата на информации од јавен карактер, ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Подготвил: Симе Златески
Контролирал/Одобрил: Цветанка Митревска

Согласен: м-р Драгица Љубевска

**Бр. 12-5167/1**
**27.11 2019 година**

**Агенција за аудио и аудовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**